**248.**

Врз основа на член 72 став 3 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06 и 24/07), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТЕР НА АЕРОДРОМИ, РЕГИСТЕР НА ЛЕТАЛИШТА И ЕВИДЕНЦИЈА НА ТЕРЕНИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистер на аеродроми, регистер на леталишта и евиденција на терени.

Член 2

(1) Регистерот на аеродроми, регистерот на леталишта и евиденцијата на терени се водат во форма на книги со тврди корици, А4 формат, кои овозможуваат лесна замена и интерполација на страниците во истите.

(2) Содржината на регистерот на аеродроми е даден во прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(3) Содржината на регистерот на леталишта е даден во прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

(4) Содржината на евиденцијата на аеродроми е дадена во прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

(5) Првите страни на регистрите од став 2 и 3 на овој член и уписните листови од став 4 на овој член се заверуваат со потпис на овластено лице и печат од Агенцијата за цивилно воздухопловство (во натамошен текст АЦВ).

Член 3

(1) Операторот односно сопственикот на аеродромот, односно леталиштето, со барањето за воведување на аеродромот, односно леталиштето во регистер на аеродроми односно регистер на леталишта, ги доставува следните документи:

1. Доказ за вршење на соодветна дејност за операторот или сопственикот на аеродромот односно леталиштето;

2. Пополнет образец Уписен лист за аеродроми односно леталишта;

3. Уверение за исполнување на условите за безбедно користење;

4. Решение од надлежен орган за извршен технички преглед на објектите;

5. Одобрение од надлежен орган за користење на објектите;

6. Заверен геодетски елаборат за правецот, должината и широчината на полетно-слетната патека и координати и надморска височина на референтната точка на аеродромот односно леталиштето и праговите на полетно-слетната патека;

7. Доказ за имотно-правниот статус на земјиштето;

8. Урбанистичка ситуација на аеродромот со диспозиција и намена на објектите.

(2) Корисникот на теренот, со барањето за воведување на теренот во евиденција на терени, ги доставува следните документи:

1. Доказ за вршење на дејноста на корисникот на теренот;

2. Пополнет образец Уписен лист за терени;

3. Географска или топографска карта на теренот во М - 1:25.000 со вцртани населени места, сообраќајна мрежа, приодно-одлетни рамнини и препреки кои би можеле да ја загрозат безбедноста на воздушната пловидба;

4. План или скица на теренот во М – 1:2.500 во вертикална и хоризонтална проекција, со сите градежно-урбанистички елементи во просторот;

5. Упатство за користење на теренот со содржина согласно член 48 од Правилникот за начинот на летање и користење на змаеви, тврдокрилци и параглајдери.

(3) Документите од став 1 и 2 на овој член се чуваат во посебни влошки за секој аеродром, леталиште или терен.

Член 4

(1) Измени во регистерот се внесуваат исклучиво по барање на операторот или сопственикот на аеродромот, леталиштето односно теренот врз основа на записник од инспекциски надзор и издаденото решение од АЦВ.

(2) Измените од став 1 на овој член се вршат со замена на уписниот лист.

Член 5

(1) При регистрацијата на аеродроми и леталишта се доделува регистерска ознака на аеродромот, спортскиот аеродром, леталиштето и аеродромот за сопствени потреби според следното:

а) за воздухопловни пристаништа почнувајќи од ВП01;

б) за спортски аеродроми почнувајќи од СА01;

ц) за леталишта почнувајќи од бројот Л01;

д) за аеродроми за сопствени потреби почнувајќи од бројот АСП01.

(2) Доколку аеродромот односно леталиштето се користи за редовен воздушен сообраќај, знакот на аеродромот односно леталиштето се определува согласно стандардите и препорачаните практики на ICAO во Doc 7910 – Индикатори на локации.

(3) За добивање на меѓународниот ICAO знак од став 2 на овој член, операторот на аеродромот односно леталиштето доставува сопствен предлог до АЦВ при што првите две букви треба да се LW_ _.

Член 6

Регистерот на аеродроми, регистерот на леталишта и евиденцијата на терени се чуват на безбедно место во АЦВ од кражба, пожар, оштетување или слично.

Член 7

(1) Податоците во регистерот на аеродроми, регистерот на леталишта и евиденцијата на терени се јавни.

(2) Извод од регистерот се издава врз основа на писмено барање доставено до АЦВ, без надомест.

Член 8

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да се применува Правилникот за впишување на аеродроми во уписник на цивилни аеродроми и леталишта во уписник на леталишта ("Службен лист на СФРЈ" бр. 11/79).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 03-2799/1
7 декември 2007 година
Скопје

Директор,
**Ернад Фејзулаху**, с.р.

Прилог бр. 1 – Содржина на регистерот на аеродроми - Насловна страна

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
СКОПЈЕ

REPUBLIC OF MACEDONIA
**CIVIL AVIATION AGENCY**
SKOPJE

# РЕГИСТЕР НА АЕРОДРОМИ

*(Civil Aviation Airport Register)*

## *ГЛАВНА КНИГА*

*(Main Book)*

Прилог бр. 1 – Содржина на регистерот на аеродроми - Прва страна

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
СКОПЈЕ

REPUBLIC OF MACEDONIA
**CIVIL AVIATION AGENCY**
SKOPJE

**РЕГИСТЕР НА АЕРОДРОМИ**

*(Civil Aviation Airport Register)*

***ГЛАВНА КНИГА***

*(Main Book)*

Надлежен орган: Агенција за цивилно воздупловство
*Authority in charge: Civil Aviation Agency*

Книга број _______ содржи _______ страници
*Volume number* *contains* *pages*

Воведено на ___.___._____ година

(мп)
*Seal*

_________________________
Потпис на одговорно лице
*Authority Signature*

Прилог бр. 1 – Содржина на регистерот на аеродроми - Уписен лист

| РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА<br>**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**<br>СКОПЈЕ | REPUBLIC OF MACEDONIA<br>**CIVIL AVIATION AGENCY**<br>SKOPJE |
|---|---|

# УПИСЕН ЛИСТ
## за аеродроми

| | |
|---|---|
| Број на досие | |
| Регистерска ознака | |
| Датум на последен упис | |

| Назив на аеродромот | Место каде се наоѓа аеродромот | Знаци на аеродромот | |
|---|---|---|---|
| | | ИЦАО | АЦИ |
| | | | |

***А) Податоци за аеродромот***

| 1. Катастарска општина | 2. Оддалеченост од град | 3. Намена на аеродромот |
|---|---|---|
| | | |

4. Податоци за полетно-слетната патека:

| 4.1.Ознака | 4.2.Правец на протегање | 4.3.Координати на праговите | | | 5.Класа и категорија |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |

| 6. Референтни вредности | | | |
|---|---|---|---|
| | 6.1.Температура | | |
| | 6.2.Надморска височина | | |
| | 6.3.Координати на АРТ | | |

7. Податоци за изградбата

| 7.а) Орган кој ја издал дозволата за градба | Број на решението | Датум |
|---|---|---|
| | | |

| 7.б) Почеток на градбата | 7.в) Завршеток на градбата | 7.г) Технички прием и одобрение | |
|---|---|---|---|
| | | Број на решението | Датум |
| | | | |

***Б) Технички податоци за аеродромот***

| | Назив | Димензии | Отпорност | Тип на коловоз | Обележување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Технички податоци за површините за движење на воздухоплови | Полетно-слетна патека | | | | |
| | Продолжеток за запирање | | | | |
| | Предполе | | | | |
| | Патеки за возење | | | | |
| | Платформи | | | | |

| | Назив и немена на објектот | Регулациона линија |
|---|---|---|
| 2. Објекти од високоградба | | |
| | | |
| | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 3. Технички средства и уреди за контрола на летање и водење на воздухоплови | Назив на средството | Ознака | Локација | | |
| | | | Координати | Оддалеченост од | Забелешка |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| | |
|---|---|
| 4. Противпожарна опрема | 4.1. Противпожарна категорија |
| | |

| | |
|---|---|
| 5. Опрема за одржување на површините за движење на воздухоплови | |

| | |
|---|---|
| 6. Опрема за прифат и отпрема | 6.1. Типови на воздухоплови кои можат да го користат |
| | |

| | | |
|---|---|---|
| 7. Светлосна сигнализација | | |
| 8. Снабдување со гориво и мазиво | 8.1. Врста и количина на горива | |
| | 8.2. Врста и количина на мазива | |
| 9. Снабдување со електрична енергија | 9.1. Основен извор | |
| | 9.2. Резервен извор | |
| 10. Опрема за итна помош | | |
| 11. Останати податоци | | |

***В) Податоци за носителот на правото за користење***

| 1.1. Назив на фирмата | 1.2. Седиште | 1.3. Адреса |
|---|---|---|
| | | |

| | |
|---|---|
| 2. Датум и број на решението со кое е одредена надлежноста на фирмата | |
| 3. Останати податоци за фирмата | |

***Г) Ограничувања за користење или измени на ограничувањата***

| | |
|---|---|
| 1. Ограничувања (природни и вештачки препреки, обележување, ограничувања за дн. и ноќно кор.) | |
| 2. Промена на ограничувањето | |
| 3. Забелешки | |

***Д) Податоци во врска со бришење од регистерот***

| |
|---|
| |

Овластено лице

(мп)

____________________________________

Прилог бр. 2 – Содржина на регистерот на леталишта - Насловна страна

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
СКОПЈЕ

REPUBLIC OF MACEDONIA
**CIVIL AVIATION AGENCY**
SKOPJE

# РЕГИСТЕР НА ЛЕТАЛИШТА

*(Airfild Register)*

## *ГЛАВНА КНИГА*

*(Main Book)*

Прилог бр. 2- Содржина на регистерот на леталишта - прва страна

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
СКОПЈЕ

REPUBLIC OF MACEDONIA
**CIVIL AVIATION AGENCY**
SKOPJE

**РЕГИСТЕР**
**НА ЛЕТАЛИШТА**
*(Airfild Register)*

***ГЛАВНА КНИГА***
*(Main Book)*

Надлежен орган: Агенција за цивилно воздупловство
*Authority in charge: Civil Aviation Agency*

Книга број _______ содржи _______ страници
*Volume number* *contains* *pages*

Воведено на ___.___._____ година

(мп)
*Seal*

___________________________
Потпис на одговорно лице
*Authority Signature*

Прилог бр. 2 – Содржина на регистерот на леталишта - уписен лист

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
СКОПЈЕ

REPUBLIC OF MACEDONIA
**CIVIL AVIATION AGENCY**
SKOPJE

# УПИСЕН ЛИСТ
## за леталишта

| | |
|---|---|
| Број на досие | |
| Регистерска ознака | |
| Датум на последен упис | |

| Назив на леталиштето | Место каде се наоѓа | Знак на леталиштето |
|---|---|---|
| | | |

1. Податоци за леталиштето

| *1.1. Катастарска општина* | *1.2. Оддалеченост од град* | *1.3. Позиција* |
|---|---|---|
| | | |

| 2. Намена на леталиштето | |
|---|---|

3. Податоци за полетно-слетната патека:

| *3.1. Правец на протегање* | *3.2. Надморска височина* | *3.3.Координати* | |
|---|---|---|---|
| | | | |

4. Димензии на леталиштето

| *4.1. Основна полетно-слетна патека* | | *4.2. Помошна полетно-слетна патека* | |
|---|---|---|---|
| *4.1.1. Должина* | | *4.2.1. Должина* | |
| *4.1.2. Широчина* | | *4.2.2. Широчина* | |

5. Природа на тлото и коловозот

| *5.1. Основна ПСП* | *5.2. Помошна ПСП* | *5.3. Основна патека* | *5.4. Предполиња* |
|---|---|---|---|
| | | | |

| 6. Препреки | | |
|---|---|---|
| | *6.1. Во приодни рамнини* | |
| | *6.2. Во бочни рамнини* | |

| 7. Кои воздухоплови можат да го користат леталиштето | *7.1. Типови на воздухоплови* | *7.2. Ограничувања* |
|---|---|---|
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| 8. Време во кое леталиштето се користи | | |
| 9. Припрема, објекти и средства - опрема при организација на леталиштето | *9.1. Обележување* | |
| | *9.2. Буква "Т"* | |
| | *9.3. ПП средства* | |
| | *9.4. Покажувач на правец на ветар* | |
| | *9.5. Други средства* | |
| 10. Податоци за носителот на правото на користење на леталиштето | | |
| *10.1 Назив на фирмата* | *10.2. Седиште* | *10.3. Адреса* |
| | | |
| 11. Податоци за вршителот на одредени авио-услуги на леталиштето | | |
| *11.1. Назив на фирмата* | *11.2 Седиште* | *11.3 Адреса* |
| | | |
| 12. Други податоци за промени | *12.1. Обновување на упис* | |
| | *12.2. Времени ограничувања* | |
| | *12.3. Посебни услови* | |
| | *12.4. Забрани* | |
| | *12.5. Друго* | |
| 13. Податоци во врска со бришење од Регистарот | | |
| 14. Ограничувања и појаснувања за полетување и слетување | | |
| 15. Имотно-правни податоци за леталиштето | | |

Овластено лице

_______________________________ (мп)

Прилог бр. 3 – Содржина на евиденцијата на терени - насловна страна

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
СКОПЈЕ

REPUBLIC OF MACEDONIA
**CIVIL AVIATION AGENCY**
SKOPJE

# ЕВИДЕНЦИЈА НА ТЕРЕНИ

*(List of Terrains)*

## *ГЛАВНА КНИГА*

*(Main Book)*

Прилог бр. 3 – Содржина на евиденцијата на терени - прва страна

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
СКОПЈЕ

REPUBLIC OF MACEDONIA
**CIVIL AVIATION AGENCY**
SKOPJE

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ТЕРЕНИ**
*(List of Terrains)*

***ГЛАВНА КНИГА***
*(Main Book)*

Надлежен орган: Агенција за цивилно воздупловство
*Authority in charge: Civil Aviation Agency*

Книга број _______ содржи _______ страници
*Volume number* *contains* *pages*

Воведено на ___.___._____ година

(мп)
*Seal*

_________________________
Потпис на одговорно лице
*Authority Signature*

Прилог бр. 3 – Содржина на евиденцијата на терени - уписен лист

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
СКОПЈЕ

REPUBLIC OF MACEDONIA
**CIVIL AVIATION AGENCY**
SKOPJE

# УПИСЕН ЛИСТ
## за терени

| | |
|---|---|
| Досие | |
| Ознака | |
| Датум на упис | |

| Реон | Назив на теренот:<br>(по карта 1:25.000) | | Популарен назив: |
|---|---|---|---|
| | | | |
| 1. Координати | | 2. Надморска висина | 3. Висинска разлика за/од целното место |
| | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 4. Полетување | *4.1. Правец* | |
| | *4.2. Појас* | |
| | *4.3. Забрането во:* | |
| 5. Тип и намена на теренот | *5.1. Основна намена* | |
| | *5.2. За кои видови на летала* | |
| | *5.3. За кој период од годината* | |
| | *5.4. Во кои временски услови* | |
| | *5.5. За кој вид на летање* | |
| 6. Пристап | | |
| 7. Топографски карактеристики | | |
| 8. Опис на теренот | *8.1. Нагиб* | |
| | *8.2. Тло* | |
| | *8.3. Форма* | |
| | *8.4. Околина* | |
| 9. Димензии | *9.1. Должина* | |
| | *9.2. Широчина* | |
| | *9.3. Околен простор* | |
| 10. Целно(и) место(а) | | |
| 11. Останати карактеристики | *Резервен терен* | |
| | *Препреки* | |
| | *Друго* | |

Овластено лице:

__________________________ (мп)